**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

---

Врз основа на член 48 став 1 точка 3 од Законот за Народната банка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18), член 26 став 4 од Законот за девизното работење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 34/01, 49/01, 103/01, 51/03, 81/08, 24/11, 135/11, 188/13, 97/15, 153/15 и 23/16) и точка 14 од Одлуката за начинот за вршење на платниот промет со странство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/11), гувернерката на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

# УПАТСТВО
## за изменување и дополнување на Упатството за начинот за вршење на платниот промет со странство

1. Во текстот на Упатството за начинот за вршење на платниот промет со странство („Службен весник на Република Македонија„ бр. 141/16, 154/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 41/19), зборовите: „Народната банка на Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Народната банка на Република Северна Македонија“, со исклучок на точката 2 алинеја 1.

2. Во точката 41 се додава нов став 3 кој гласи: „По исклучок на став 1 на оваа точка и точка 38 став 1 алинеја 3, доколку налогодавач е државата или државен орган, налогодавачот не доставува придружна документација, освен за отворање/плаќање со акредитив.“

3. Во точката 58 ставот 2 се брише.

Во ставот 3 зборовите: „во рубриката 7 колона 2 го наведува бројот на одобрението на Народна банка“ се бришат.

4. Ова упатство стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**У бр. 14-4293/1**
**10 февруари 2020 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**д-р Анита Ангеловска-Бежоска**